17

„Нова Македонија" 1.10.1991 год.

НОВА МАКЕДОНИЈА
ЕКОНОМИЈА И ПАЗ

1.10.1991 год.

НОВО ВО ЕКОНОМСКАТА ЛИТЕРАТУРА

Обликувањето на нова Европа

Појавата на книгата од авторите Тодор Тодоров и Вангел Василески, „Европа '92", со својата исклучителна актуелност и општествена корисност на тематиката и комплексноста на материјата што ја третира, без сомнение, ќе пополни една сериозна празнина во литературата од македонско јазично подрачје за процесот на политичкото, економското, културното, социјалното, научното и технолошкото интегрирање на Европа. Без претерување може да се тврди дека и на добрите познавачи на оваа проблематика, оваа книга ќе ѝ е од голема корист. Внимателниот читател може да извлече бројни и релеваитни информации за процесите под чие влијание се обавува обликувањето на нова Европа во Европска „супер држава".

Обединета Европа, нагласуваат авторите, внесува надеж дека ќе понуди трајно решение на бројните етнички, политички и други судири кои во минатото на два пати ја турнаа во воени катаклизми. Другиот аспект на обединета Европа несомнено е од програмска природа, тој се состои во проширување на границите за оплодување на капиталот. Инспирирани од духот на овие аспекти ги наведе на размислувања, во поблиското минато, некои политичари, државници и научници за изгледот на идна Европа. Од бројните визи и размислувања, што авторите ги изнесуваат во книгата, интересно е некои да се наведат: Францускиот генерал и државник Шарл Де Гол размислувал и се залагал за „Европа од Атлантик до Урал", Винстон Черчил, воен премиер и политичар на В. Британија за „Соединети Европски Држави" и денес Михаил Горбачов за „Европа како заеднички дом".

Користејќи ја дијалектиката во објаснувањето на процесите и феномените со кои се заплиснати Европските просторин, авторите ни откриваат релевантни сознанија и констатации. Тие го потенцираат фактот дека „Европа '92" е резултат на општествено економското еволуирање на Европа, притоа нагласувајќи ги стратешките координати на кои почива досегашниот и идниот развој на Европа. Тоа се елементите кои го сочинуваат „светото тројство": благосостојба на економски, демократија на политички и правда на социјален план. Непочитување на било кој од овие елементи од „светото тројство" значи нарушување на темелите на кои се заснива современа Европа.

Тематиката, документационата подлога и ширина на информациите со кои се среќава читателот во оваа книга, како и оргиналниот начин на презентација, прегледноста, аналитичноста разбирливоста на стилот на кој е пишуван овој труд, без сомнение ќе претставува вистинско задоволство за читателот. Затоа средбата со оваа книга претставува ретка прилика за љубопитниот читател кој преферира на збогатување на своите сознанија од оваа проблематика. Од тие причини овој труд го заслужува внимание покрај на научната и стручната, исто така и на пошироката јавност ◆

Д-р РИСТО ФОТОВ